# Каде се излеаја 5 милиони евра

Никој не објасни каде е разликата помеѓу обезбедените 7,25 милиони евра според премиерот и исплатените 2 милиона евра според градоначалникот



*Симулација на споменикот на Александар Велики според димензиите од проектот*

Разлика од шест милиони евра се појавува кога ќе се споредат изјавите на премиерот и на градоначалникот на Центар за плаќањето на спомениците што ќе бидат поставени во центарот на Скопје. Во Собранието, како одговор на пратеничко прашање зошто толкава сума се троши за споменици во време на криза, премиерот Никола Груевски рече дека парите се обезбедени со домаќинско работење пред кризата и и' се дадени на Општината за да може да го реализира проектот. Неофицијално Владата во четири наврати од јуни до декември 2008 година и' префрлила на Центар 7,25 милиони евра.Градоначалникот Владимир Тодоровиќ на пресот што ја свика предизвикан од написите на „Дневник", кој дојде до договорите со леарницата, потврди дека динамиката на плаќање ќе биде 20 отсто веднаш, 40 отсто по завршување на леењето и уште 40 отсто по монтирањето. Според тоа, досега би требало да се исплатени околу 2 милиона евра.

Ако премиерот ја зборува вистината, останатите 5,25 милиони евра би требало да бидат на сметката на Општината. Со оглед на тоа што станува збор за пари од даночните обврзници, Центар е должна да каже јавно каде се тие пари и за што ќе ги пренамени милионите што ќе ги заштеди со одложувањето на петте споменици, се разбира ако тие пари воопшто постојат. Во спротивно, ако Центар ги нема преостанатите 5,25 милиони, премиерот излажал дека парите се обезбедени во „убавите времиња" со повисок раст на економијата и преостанатите 80 отсто од вкупната сума допрва ќе треба да се обезбедат, во услови на економска криза.

## НЕПОТРЕБНО ОГРОМНО

Голем дел од македонската стручна јавност, архитекти и урбанисти, ја поддржуваат изградбата на џиновскиот споменик на војсководецот Александар Македонски во централниот дел на плоштадот Македонија. Дел од нив, сепак, жестоко дебатира за големината на постаментот, за кој се предвидува да биде висок 10 метри, и сметаат дека треба да биде речиси двојно помал, за да може граѓаните да ги видат коњот и војсководецот. Некои архитекти сметаат дека плоштадот Македонија е доволно голем за „архитектонски да го издржи" споменикот на Александар висок колку зграда од осум ката, а други сметаат дека е непотребно мегаломански. Професорката на Архитектонскиот факултет

НАСЛОВНА


Дневник
Каде се излеаја 5 милиони евра

НАЈЧИТАНИ

1.Цела Фиренца лее за Македонија
8.313 посети

2.Вондра: Бидете оптимисти за укинување на визите
4.065 посети

3.На Коко ќе му ја местат Фифи
2.462 посети

ПРЕБАРУВАЊЕ

dnevnik.com.mk

Барај со НАЈДИ!

Барај со НАБУ

Powered by nextsense webBuilder

ПРИЈАТЕЛИ НА ДНЕВНИК
ПРЕСПА

Колумна
Музеј "Некрополитен"
пишува: Жарко Трајановски

Едиторијал
Експериментални глувци
пишува: Анета Тодевска

Колумна
Стотка
пишува: Оген Малески

ВРЕМЕ

| Среда | Четврток |
|---|---|
| мин-макс 9/21 | мин-макс 4/23 |

ХОРОСКОП

КУРСНА ЛИСТА

| | |
|---|---|
| EUR | 61.27 |
| AUD | 34.04 |
| USD | 45.72 |
| GBP | 69.17 |

XML

www.aber.net.mk
АВТО+
граѓански СВЕТ
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
K-15 PRODUCTION
МАКСПОРТНЕТ
najdi.org.mk/blog
On.net
ШРЕМИН
Southeast European Times
TeleKabel
Мрежа ЖИВО НАСЛЕДСТВО
nabu.com.mk

Елизабета Аврамовска вели дека во светот нема пример скулптура на коњаник да се поставува во фонтана или во вода.

- Не можам да ја коментирам целата скулптура, бидејќи не сум ја видела, но генерално можам да дадам забелешки за големината и за придружните елементи. Ако коњаникот е сместен во вода, според мене тоа е и омаловажување на ликот и делото на Александар Македонски, кој најмногу симболички би требало да биде поврзан со оган. Исто така голем проблем е висината од 22 метра на скулптурата. Визуализацијата на волуменот во просторот треба да е способност на секој уметник и архитект, а очигледно е дека жири-комисијата, чиј состав не беше јавно објавен, потфрлила во процената - вели Аврамовска.Таа додава дека се важни и хералдичките значења на ориентацијата на споменикот, односно на која страна ќе биде свртен, затоа што коњот е во позиција пред јуриш.

- Ми се чини дека ренесансата и барокот пристигнаа во Македонија - додава Аврамовска. И асистентката на истиот факултет, Дивна Пенчиќ, вели дека споменикот е преголем. Сметам дека ниту тие што го замислиле ниту тие што го поддржуваат овој проект, немаат претстава колку ќе биде тоа огромно. Плоштадот Македонија не може да издржи толкава скулптура - вели Пенчиќ.



**АЛЕКСАНДАР ГО ИМА И ВО ПОЛСКА**

Кристијан Јорданов, архитект и член на Асоцијациите на архитекти и инженери на Македонија, смета дека споменикот на Александар Македонски, кој ќе биде висок исто колку и венецот на Ристиќева палата, нема да стрчи во просторот.

- Идеално место за поставување на споменикот е во централниот дел, каде што сега има кружно зеленило, оти се гледа од перспектива и од неколку споредни улици што водат кон плоштадот Македонија. Можеби изгледа како шега, но јас мислам дека војсководецот Александар Македонски не треба да гледа кон Камениот мост, туку кон Ристиќева палата, оти, во спротивно, ќе изгледа оти Скендер-бег и Александар се подготвени за битка. Двата споменика треба да гледаат кон југ, оти тие реално и освојувале на југ. Тоа не е добра поента, но ако двајцата гледаат во еден правец тоа значи дека заедно одат во победи, иако изгледа како шега, тоа не е така. Има многу работи на кои треба да се внимава. Јас сметам дека и покрај големината на споменикот, од 22 метра, граѓаните ќе можат убаво да го видат коњаникот од далечина од 25 метри - вели Јорданов. Архитектот Јован Стефановски-Жан, кој во времето на скопскиот градоначалник Трифун Костовски беше одговорен во одделението за урбанизам, изјави дека е убеден оти со ДУП прецизно се утврдило дали споменик со грандиозни димензии може да стои во центарот на плоштад Македонија.

- Долг период не сум во земјава и колку што можевв да следам, сметам дека најважна е идејата оти треба да се гради. Не е спорно зошто се гради споменик од античко време во амбиент на модерен плоштад. Во средина на ренесансни градби во Франција изградија стаклена пирамида. Тогаш имаше големи полемики во јавноста, но денес пирамидата со Лувр е светско чудо. Од временска перспектива сметам дека и овој споменик така ќе се гледа.

Градењето е голем импулс. Да се гради значи да се живее. Не е спорно тоа што правиме споменик на Александар Македонски. Негови споменици има во Полска, па никој не им забележува. Секоја држава живее од приказни, а ние, за жал, не можеме да составиме наша приказна бидејќи имаме поделени мислења. Тоа воопшто не ни оди во прилог. Животот не е филмска лента, туку само сеќавање на секвенци. Затоа, и оваа секвенца ќе биде дел од македонскиот живот - вели Стефановски.

Поранешниот градски архитект Никола Велковски вели дека нема ништо против изградбата на споменици. Напротив, тој смета дека требало повеќе внимание да се обрне на димензиите. Велковски смета дека споменик од 22 метра е преголем за амбиентот на плоштадот, бидејќи реално гледано за да се види целиот споменик, граѓаните мора да застанат стотина метри подалеку од него. Одблизу, би ги виделе само копитата на коњот.

- Сметам дека плоштадот е мал за да ја доживее грандиозноста на споменикот. Најдобро би било коњаникот да е свртен на североисток, под агол од 45 степени. Плоштадот има модерен дизајн и ако се постави само еден споменик, кој личи како да е од минатиот век, нема да одговара на амбиентот. Затоа сметам дека изградбата на модерна фонтана ќе ги спои двете времиња од историјата. Немам против изградба на споменици, но имам дилема дали тоа се прави во вистинско време - вели Велковски.

**Марија Тасев**

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Ве молиме впишете ја шифрата и притиснете испрати

9723

Испрати


© 2006 Дневник, сите права задржани